ISSN 1857- 9728

# ОТВОРЕНО

#6

ПЕРИОДИЧНО СПИСАНИЕ ЗА СООЧУВАЊЕ СО МИНАТОТО

Мислам дека и да не разбираш некои бајки,
можеш да ги разбереш само од чувствата



МИРОВНА АКЦИЈА
AKSIONI PAQËSOR
PEACE ACTION

# ОТВОРЕНО

периодично списание за соочување со минатото

Мировна акција

2023

„Отворено“
периодично списание за соочување со минатото
ISSN: 1857- 9728

Уредник на бројот:
Горан Талески

Преводи:
Ениена Аети, Ане Чесноска

Лектура:
Илир Ајдини, Јулијана Талеска

Дизајн:
Александар Дудески

Фотографија на насловна:
Боро Китаноски
(Сцена од претставата „Заминувања“ при изведбата во Народниот театар „Војдан Чернодрински“, Прилеп - Јуни 2023.)

Издава:
Мировна акција
Ул. „Димо Наредникот“ А1/2/31 Прилеп
office@mirovnaakcija.org
www.mirovnaakcija.org

Печати:
Печатница Ацетони

Оваа публикација е дел од програмата Соочување со минатото на Мировна акција, во соработка и со поддршка на организацијата „Курве Вустроу“ од Германија, финансирана од страна на Министерството за економска соработка и развој на СР Германија.

МИРОВНА АКЦИЈА
AKSIONI PAQËSOR
PEACE ACTION

KURVE
Wustrow

Мировна акција
2023

# ВОВЕД

За прв пат од постоењето на списанието „Отворено/Hapur“ издадовме два броја во една година. Пред нас е шестиот број на списанието „Отворено“, а во јули оваа година го издадовме бројот пет. И двата броја се фокусирани на работата на Мировна акција во оваа сè уште тековна 2023 година. Годината изобилуваше со разни настани и активности од различен вид за кои информираме во овие два броја. Препорака е да се прочитаат и двата броја за најдобро да се разбере сè во што Мировна акција учествуваше и придонесе во процесите на соочување со минатото и изградбата на мирот во Македонија и регионот.

Да почнеме со мало потсетување на она што е објавено во претходниот број, а е неопходно за да се разбере обемот на работата завршен оваа година. Тоа се Националните принципи за транзициска правда кои се развиени како резултат на процес на консултации и работилници кои ги организиравме во периодот март – април 2023 година со луѓе од различни категории: внатрешно раселени, жртви и семејства на жртви, наставници, лица од поранешните кризни подрачја, млади, мировни активисти. Националните принципи се фокусирани на неколку клучни области: Обезбедување простор за гласот на жртвите и маргинализираните од воениот конфликт; Потрага по вистината (утврдување на фактите); Меморијализација; Градење на доверба; и Фокус врз младите, и преку нив се даваат насоки кои би требало нашето општество да ги усвои за да се дојде до конструктивно соочување со минатото и изградба на траен мир. Нашата работа на овој план не заврши во Македонија. Низ процес на регионални средби и консултации со поединци од семејствата на загинати цивили, раселени, исчезнати, млади и други, а во блиска соработка со партнерските организации Интегра и Нова социјална иницијатива од Косово, Граѓански иницијативи од Србија, како и со ПАКС од Холандија и Меѓународниот центар за транзициска правда од САД, ги креиравме и Регионалните принципи за транзициска правда.

Претставата „Заминувања/Largime“, во режија на Драгана Гунин, со колективно авторство на режисерката и четирите актерки кои играа во неа, е базирана на сведоштва од книгите „13 Женски приказни за една војна“, и „Огништа“ во издание на Мировна акција. Претставата беше изведена на 57-то издание на Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“ – Прилеп во делот на независната театарска продукција од домашни автори. Ова беше огромна чест за нас од Мировна акција да ја поставиме претставата на најпрестижниот македонски театарски фестивал, а претставува поттик и за во иднина. Подетално за претставата пишува Марина Ѓорѓиоска-Китаноска.

Во овој број се потсетуваме и на изложбата „Сите наши солзи“ фокусирана на цивилните жртви од Србија, Косово и Северна Македонија. Изложбата беше поставена во Белград, Скопје и Приштина во 2022 година, а во 2023 година беше поставена во Советот на Европа во Стразбур, откако беше предложена и изгласана да се постави таму од вработените и неформалниот Клуб на уметности при Советот. Детален осврт на изложбата може да најдете во бројот пет на „Отворено“. Написот за изложбата во овој број е авторство на Емрах Реџепи, кој и го координираше отворањето на изложбата во Советот на Европа во Стразбур.

Во август се одржа четиринаесеттиот по ред основен тренинг за изградба на мир и соочување со минатото „10 Дена Мировна Република“. Тренингот нуди уникатна можност за личен развој во повеќе области. Со својата содржина и траење од 10 дена е единствен таков во Македонија. Повеќе за тренингот во написот на Боро Китаноски.

Поголем дел во овој број посветуваме на „Програма за поддршка на наставници по историја за подготовка и реализација на вonнаставни активности за изградба на мир“. Програмата во целост беше реализирана во 2023 година во соработка со Асоцијацијата на наставници по историја на Македонија (АНИМ) и во неа учествуваа 8 професори по историја од 4 основни и 3 средни училишта од Македонија. Започнавме со две обуки во април и јули 2023 година, по што следуваше спроведување на активности од страна на партнерските училишта во периодот септември – ноември 2023 година. Последната фаза од програмата ја реализиравме во декември 2023 година, кога направивме евалуација на заедничка завршна средба во Прилеп. Повеќе за програмата, потребите поради која ја започнавме, нејзините цели и резултати, прочитајте во посебниот напис за таа намена кој е авторство на Горан Талески. Во продолжение на написот се наоѓаат и четири написи за реализираните воннаставни активности од страна на професорите со нивните ученици. Написите, направени врз основа на извештаите од професорите, се напишани од страна на Емрах Реџепи, Марина Ѓорѓиоска-Китаноска и Катарина Шмиц.

Кога сме кај ресурсите кои наставниот кадар по историја ги има на располагање, во овој број на „Отворено“, претставуваме „Прирачник за воннаставни активности по предметот Историја за основно и средно образование“. Во прирачникот се ставени 8 воннаставни активности кои можат да бидат реализирани на заеднички средби или со користење на интернет платформи за соработка, како: Зум, МС Тимс (Zoom, MS Teams... ) и се наменети за активности по предметот Историја.

После долго чекање, оваа година најдовме можност да ја преиздадеме книгата „Растење со војна“. Книгата е издадена пролетта 2009 година, веќе подолго време баравме начин да ја преиздадеме книгата, со направени корекции во јазикот на интервјуата и со корекција на грешките во преводот. Но, пред сè, сметавме дека оваа книга, која содржи интервјуа со луѓе кои биле млади во време на војната, заслужува втор живот. Повеќе прочитајте во одвоениот напис на оваа тема.

2023 година е и година во која тимот на Мировна акција го одбележува доаѓањето на Катарина Шмиц во својство на меѓународна мировна работничка во нашата канцеларија. Ѝ посакуваме добредојде и многу успех во нејзината и нашата заедничка работа. Катарина Шмиц е авторка на единствениот текст кој не е стриктно врзан за работата на Мировна акција во овој број. Катарина направи информативен напис за напорите за соочување со минатото и изградба на мир во Непал, земја која беше погодена од граѓанска војна во деведесеттите години од минатиот век.

На крајот во овој вовед би сакал да им се заблагодарам на нашите партнери КУРВЕ Вустроу од Германија, чија поддршка е од клучно значење за нашата стабилна и успешна работа сите овие години, партнерските организации од Конзорциумот во кој заедно со Мировна акција беа вклучени и Граѓански иницијативи (Србија), Интегра и Нова социјална иницијатива (Косово), ПАКС (Холандија) и Меѓународниот центар за транзициска правда (САД) со кои го спроведовме проектот „Зајакнување на гласот на жртвите преку инклузија и трансформација на наративите“, нашите партнери од Центарот за ненасилна акција Сараево/Белград, Асоцијацијата на наставници по историја на Македонија (АНИМ) и наставниците по историја вклучени во нашите процеси, актерките, режисерката и тимот кој работеше на претставата „Заминувања/Largime“.

*Со надеж за уште поуспешна 2024 година, тимот на Мировна акција*
*Горан Талески*
*Боро Китаноски*
*Емрах Реџепи*
*Марина Ѓорѓиоска-Китаноска*
*Катарина Шмиц*

# Театарска претстава „Заминувања"

## Уметноста во функција на соочување со минатото и изградба на мир

***Леснотијата на молкот и одбегнувањето на непријатноста кога во едно општество не се разговара за минатото, води кон заборавање на сеќавањата. Ваквиот однос кон минатото, не лекува. Напротив, нанесува штета, не само на лично ново туку и на општествено ниво.***

Изградбата на мир не е лесен повик, иако крајната цел е благородна, искрена и со почит кон сите што се вклучени во процесот. Од друга страна, да се зборува за војна, во општества кои се нестабилни и кршливи поради неодамнешни воени дејствија кадешто цивилните жртви трагаат по правдата, во најмала рака, е трауматично.

Непријатноста, кога се зборува за минатото е секогаш жежок костен и не е лесно да се носи. Природно е што луѓето ја одбегнуваат оваа тема, ама не е одговорно кога институциите молчат, а со тоа придонесуваат општествата да заборават. Така, потрагата за правда од страна на жртвите е бесконечна, сè додека од умор, од тага и непријатност сè замолчува. А молкот е најтежок.

Еден од начините да се зборува, да им се даде простор на луѓето кои не по своја вина се нашле на сред војна, е да се сеќаваме на конструктивен начин. Притоа да се трудиме да не предизвикаме дополнителна траума и болка. Тоа ни е обврска. Така, Мировна акција меѓу другото собира животни приказни, а преку нив обезбедува простор за сеќавањата, дава шанса да не се молчи, да не се заборави.

Од неодамна, ја разгледуваме можноста да ја употребиме уметноста како алатка за разговор и комуникација со луѓето, кога се зборува и споделува за тешки теми. Така, во рамките на една регионална иницијатива за поддршка и работа со цивилни жртви од војните од поранешна Југославија, дојдовме до идеја да поддржиме театарска претстава во соработка со нашата долгогодишна соработничка, пријателка и режисерката Драгана Гунин.



Драгана Гунин – режисерка, активистка, феминистка, психолог

„Искрено, не е тешко само за актерите туку и за сите од екипата. Процесот на раснење и разбирање, кога се отвораат вакви теми, е огромен. Ме прави горда фактот дека работевме на два јазика и дека воопшто немавме пречки. Уметноста уште еднаш покажува дека емоцијата е најважниот сегмент и движечка сила кај луѓето." – Драгана Гунин [преземено од интервју за Сториленд (Storylend) од 30 декември 2022 год.[1]

1. https://storyland.mk/dragana-gunin-za-zaminuva%D1%9Aa-ta-shto-se-sluchi%D1%98a-od-dvete-strani/

### *„Сакам само да е тивко. Сакам да спијам“*

*Претстава што никој не ја сонувал. И сон од кој што сите се разбудија, а никој не го раскажа. 2001. Две страни. Една болка. Сто лица на болката. И милион приказни. Претстава за војната во 2001 година, раскажана преку искуствата на жени од двете страни. Базирана на вистински настани.*

Овие зборови ја опишуваат и најавуваат претставата „Заминувања“. Претставата е колективно авторство, во режија на Драгана Гунин. Базирана на сведоштва од книгите: „13 Женски приказни за една војна“, и „Огништа“ во издание на Мировна акција.

Режисерка: Драгана Гунин; Сценограф: Мартин Гијевски; Костимографка: Наташа Стојчевска; Авторка на музика: Гала Насева; Дизајн на светло: Идавер Џемаили.

Играат: Емилија Мицевска, Мелика Кастрати, Симона Димковска, Афродита Џафери.

Оваа претстава е прва, или барем не сме чуле за друга, која ја обработува војната од 2001 година. Се изведува двојазично, на албански и македонски јазик. Актерките на автентичен и креативен начин ги доловуваат ликовите, секоја говорејќи го јазикот на ликот кој го толкува. Преку раскажувањето на приказните на 4 женски ликови публиката има можност да се соживее со сведоштвата, со загубите, со чувствата и емоциите, со различните толкувања на една војна. Гордост и чест е да се работи со вака посветена група на љубопитни и мотивирани актерки под менторство на режисерката Гунин.

Од нашите разговори со актерките, дознаваме дека креирањето на претставата било и процес на учење, истражување, сочувствување, запознавање и секако креирање на многу силни пријателства. За актерките, процесот на создавање на ликот или ликовите, бил емотивен предизвик и одговорна задача, за на крај да премине во проекција на личност која раскажува како ја доживеала војната. Така, секоја од актерките на автентичен начин дава простор на публиката, да се соживее со ликовите според сопствените видувања. Иако претставата се изведува на македонски и албански јазик, не се добива чувство дека е потребен превод. Како што ќе каже Звонко Димоски: „Претставата комуницира со публиката, без разлика на тоа дали има или нема превод“.

### *Прикажувања во Скопје и Куманово*

29 декември 2022 г., во „Албански театар“ - Скопје. Премиера на претставата.

21 март 2023 г. – второ прикажување, „Албански театар“ - Скопје

22 мај 2023 г. – трето прикажување, „Театар Куманово“ - Куманово



Од премиерата на претставата - Скопје, 2022
Автор: Стојан Расков

Од премиерата на претставата - Скопје, 2022
Автор: Стојан Расков



***Фестивалско прикажување во Прилеп, 11 јуни 2023 г.***

***„Мислам и да не разбираш некои бајки, можеш да ги разбереш само од чувствата“***

Претставата беше селектирана во независната продукција што игра македонски автори при педесет и седмото издание на Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“. Оваа категорија е за прв пат претставена за театарската публика во рамките на фестивалот во 2023 г.



Од премиерата на претставата - Скопје, 2022.
Од лево кон десно: Симона Димковска, Емилија Мицевска, Мелика Кастратии, Афродита Џафери
Автор: Драган Ристовски

Разговор за претставата со публиката, по прикажувањето во Прилеп во театарот „Којдан Чернодрински.“

„Претставата ја нареков: Перформативно ангажирана претстава“ - Звонко Димоски, активист, преведувач, културолог, радио водител – автор на текстот за претставата во Билтен бр. 2. 57, Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински“, Прилеп.



Разговор за претставата со публиката, после прикажувањето во Прилеп во театарот „Војдан Чернодрински“ - Јуни 2023
Автор: Боро Китаноски

Звонко Димоски



## *ЗАМИНУВАЊА, МИРОВНА АКЦИЈА (НЕЗАВИСНА ПРОДУКЦИЈА) – КОЛЕКТИВНО АВТОРСТВО*[2]

„Заминувања“, конструирана како сценски ангажиран перформанс, се зафаќа со темата војна, користејќи ги сеќавања на 13 жени, заробени помеѓу тишината и заборавот, и нивната болката, сместена во вакуум помеѓу минатото и сегашноста. Авторите и режисерката Гунин, читајќи ги собраните интервјуа од „Мировна акција“ како градиво, соочувајќи се со туѓата траума и надминувајќи ги социјалните конвенции поради кои, не само светот, туку и ние самите многу брзо почнуваме да ги заборавме војните и брзо се навикнуваме на заборавот (нашиот и туѓиот), доближуваат видно премолчена тема од нашата понова историја, односно воениот конфликт од 2001 година, раскажан на сцената од четири актерки, на македонски и албански јазик.

Севкупната атмосферата во која е изградена оваа ангажирана постапка, преку приказните донесени од четирите актерки се фокусира на искуствено доживување на тема која ги поврзува и ги прави еднакви, иако со леснотија претходно би можеле да мислиме дека темата војна не може да ја допира подеднакво секоја од нив. Единствено, пристапите на соочување со траумата и нарекувањето на војната е различно, што исто така покажува дека локациските одредници за споменатиот конфликт имаат значење. Понекогаш промената на околностите ја прекинува тишината и ослободува спомени, а понекогаш тишината трае толку долго што сеќавањето избледува и следува заборавот. „Заминувања“, покажуваат дека тишината (молчењето) и заборавот често се мешаат кога сеќавањето се анализира како наратив. Она што не било кажано може да остане недокажано/заборавено, или затоа што било потиснато – поради траума, контраст со сегашноста, или поради конфликт меѓу поединецот и колективот - или затоа што условите за да се каже повеќе не постојат, или пак, сè уште не се појавиле.

***Разговор за процесот на создавање на претставата, за изведбите на претставата и за градењето на ликовите, за женските перспективи и за општествениот однос кон војната од 2001 год. со Звонко Димоски – радиоемисија за претставата. „Радио Пела“, 29 јуни 2023 год.***

По прикажувањето на претставата во Прилеп, имавме чест да гостуваме во „Радио Пела“, во радиоемисија со Звонко Димоски. Целосното видео е достапно на YouTube каналот од радиото.

Радиоемисијата беше во живо, така што слушателите имаа можност да коментираат и да ги пишуваат своите размисли за разговорот додека траеше емисијата.

Кога ја преслушував емисијата, сфатив дека покрај тоа што актуелизира тема која не е често дискутирана во општеството, тема која е тешка, таа е и силно едукативна, искрена и со многу емоции. Емисијата комуницира со публика чии апетити се: љубопитност да се погледне претставата, театарска критика, па и професионални и лични увиди во процесите кога се разработува ликот на жртва во војна базиран на лични сведоштва. И сето ова немаше да биде претставено на ваков начин за пелагониската радио-публика, ако актерките и режисерката не беа професионални, но и автентични и без задршки за сите одговори и размисли за кои авторот и водител на емисијата беше љубопитен, не само како театарски критичар, но и како активист кој отвори тема за која се молчи, или барем не е често присутна во етерот.

Искрена препорака да ја погледнете емисијата на Јутуб (YouTube) каналот на „Радио Пела“.

*Марина Ѓорѓиоска Китаноска*

2. https://mtf.com.mk/57-mtf-bilten-2/

***Што рекоа актерките и режисерката за различни аспекти на претставата.***



***„Како е да дадеш глас на нешто што го читавме, на вистински луѓе? Ми беше предизвик, и застрашувачки, и одговорно, не само како актер, туку и како човек, затоа што тоа е вистина... да се даде глас на нешто што веќе 20 и нешто години – нема глас“.***

***Симона Димковска – актерка***

***„Процесот на креирање на мојот лик беше тежок и предизвикувачки затоа што беше многу далечно, не беше нешто што јас сум го доживеала, но за среќа, имав многу блиски со кои комуницирав и ми помогнаа. Важно е да се прикажува женската страна од војните, и сметам дека баш женските приказни комуницираат повеќе со младите“.***

***Мелика Кастрати – актерка***





*„Луѓето кои што не ја осетиле војната, немаат никаков однос: дека нешто се случило, дека некој пател, дека е жртва, а предизвик беше да истражиме сѐ што можеме и да бидеме доследни на нечии животни судбини и да прикажеме болка, и за оние кои не се засегнати.*

*Најмногу ќе ми биде ќеиф, ако е нештото едукативно, ако било корисно во однос на оние кои што не се запознаени со темата затоа што овие приказни би требало да ги слушне секој“.*

*Емилија Мицевска - актерка*



*„Како актери, на студии ние учиме како да ја разделиме приватната емоција од сценската емоција. Иако, за време на пробите имаше моменти кога ние нашите емоции, приватни, поврзани со прочитаното не можевме да ги сопреме.*

*Потребно е на публиката да ѝ се раскаже темата од некој неутрален аспект, од аспект каде што ти кажуваш само што се случило, што им се случило на многу луѓе во тој период“.*

*Афродита Џафери - актерка*

***„Различни се реакциите, меѓутоа се секогаш силни. И она што јас го имам забележано е што претежно добивам коментари за темата, а не за разработка на темата, што некогаш и мене ми е потребно како режисерка. Претежно се зборува за темата и сфатив дека темата е поголема од претставата, дека идејата е поголема и дека ради тоа има потреба да се раскажува, да се работи постојано, на најправилен можен начин, колективно, да се пристапи малку посериозно“.***

*Драгана Гунин - режисерка*

# „СИТЕ НАШИ СОЛЗИ“

## РЕГИОНАЛНА ИЗЛОЖБА ПОСВЕТЕНА НА ЦИВИЛНИТЕ ЖРТВИ

Конзорциумот составен од: Мировна акција (МК), Цивилни иницијативи (Србија), ИНТЕГРА и Нова социјална иницијатива (Косово), ПАКС (Холандија) и Меѓународниот центар за транзициска правда (САД) заедно со четворица професионални фотографи, ја осмислија и креираа регионалната изложба **„Сите наши солзи“**. Изложбата се состои од 34 авторски фотографи направени од четири фотографи на различни места во Србија, Косово и РС Македонија.

Оваа единствена изложба е посветена на прикази од жртвите во војните од регионот. Приказните претставуваат повеќе аспекти за војните во поранешна Југославија: семејни слики од исчезнати лица, места на злосторства, масовни гробници, внатрешно раселени лица и спомен-обележја, но и долготрајните последици од конфликтите кои и ден-денес се чувствуваат покажувајќи ја целата трагедија и комплексност на војната.

Изложбата е направена во соработка со организации на семејства на исчезнати и починати лица од Србија и Косово, како и семејства на загинати цивили и внатрешно раселени лица од Македонија, со цел да отвори простор за нови можности и заеднички иницијативи во насока на изградба на мир и помирување во регионот.

Првото отворање на изложбата ни беше во **Белград на 25 мај 2022 г.**, со што се отвори и традиционалниот фестивал „Mirdita – Dobar Dan“. Второто отворање ни беше во **Скопје, на 12 октомври 2022 г.**. претседателот на РСМ, Стево Пендаровски присуствуваше и ја прогласи изложбата за отворена. Третата поставка на изложбата беше во **Приштина, на 10 декември 2022 г.**, и таму министерката за правда, Албулена Хаџиу, присуствуваше и ја отвори изложбата.

Четвртата поставка, иако непланирана првично, ни беше на **7 април 2023 г. во Советот на Европа во Стразбур** откако беше предложена и изгласана да се постави таму од вработените и неформалниот Клуб на уметности при Советот. Оваа поставка ја прогласи за отворена амбасадорката на ЕУ во Советот на Европа, Весна Батишиќ-Кос.

Професионалните фотографи: Арбнора Мемети (МК), Наке Батев (МК), Адхе Мула (Косово) и Борислав Пешиќ (Србија).

*Емрах Реџепи*




Постер за изложбата „Сите наши солзи“

# 10 Дена Мировна Република, 2023 год.

[redacted]

Во периодот 19-29.8.2023 во хотелот „Монтана“ во Крушево се одржа четиринаесеттиот по ред основен тренинг за изградба на мир и соочување со минатото: „10 Дена Мировна Република“, во организација на „Мировна акција“. Тренингот го организираше тренерскиот тим во состав: Андреа Велинова, Емрах Реџепи, Боро Китаноски и Горан Талески.

На тренингот имаше 19 учесници/чки кои доаѓаа од разни места низ Македонија, со различно етничко и верско потекло, род и многу други идентитети. Одредена специфичност на оваа група беше и возрасната разлика. Тоа од една страна претставува предизвик за работа, но од друга страна е придобивка која се покажа во неколку наврати на тренингот. Првенствено, затоа што го одразува општеството во кое живееме и таа меѓугенерациска дискусија е многу важна, а ретко се случува. Но, придобивките се видоа и во неколку други наврати. И на овој тренинг беше забележливо учество на наставнички/ци, како и многу силна помлада група која внесе енергија, промисленост и длабинско пристапување кон темите.

На тренингот ги работевме темите: Вовед и запознавање, Ненасилна комуникација, Соработка и работа во тим, Донесување одлуки, Разбирање на конфликти, Насилство, Предрасуди и дискриминација, Род, Идентитети и етнички идентитет, Соочување со минатото (го работевме 3 блока), Креативна разработка на конфликти и Ненасилна акција, следена со сесија за евалуација и излегување од тренингот. Тренерскиот тим се трудеше да ја крои програмата согласно лоцираните потреби на групата и успешно ги водеше процесите.

На тренинзите се јасно видливи рефлексиите на секојдневието и затоа секој тренинг е посебен и поинаков од другите и секоја од темите се обработува на посебен начин. Живееме во време кога најголемиот дел од политичките дискусии се одвиваат онлајн, на социјалните мрежи, кадешто се воспоставени одредени обрасци на однесување и аргументирање, но и навики на нивно користење, употреба и злоупотреба. Некои од тие навики се одразија врз процесите на тренингот и групата беше соочена со одлуки за нивно надминување. Некои теми се, за жал, преоптоварени во онлајн



Тренинг за соочување со минатото и изградба на мир - Крушево, 2023

дискусиите и се предмет на глобални бранови на интерес кои нудат предетерминирани поставки за „дискусија“, кои всушност имаат сосем спротивна задача: да ја сопрат дискусијата и да ги држат „страните“ вкопани во своите „непријателски“ позиции. На тренингот се обидовме да ги распакуваме таквите обрасци на однесувања за да можеме да влеземе во вистинска дискусија за темите и да изградиме односи на нови основи, кои ќе овозможат отворено преиспитување, но и можност за емпатија и солидарност. Тоа беа предизвиците: за некои теми успеавме, за некои помалку, а имавме и моменти кога беше тешко. Но, се надеваме на кумулативното дејство, кое ваквите тренинзи во минатото ни покажале дека го имаат и дека сме засадиле по некое семе на сомнеж кое во иднина ќе изрти.




Тренинг за соочување со минатото и изградба на мир - Крушево, 2023

Тој тип на предетерминирани пакети, собрани, првенствено од интернет, беа видливи кога третиравме родова тематика (покрај тоа што ја поставуваме во посебен блок, ја проткајувавме и скоро низ сите теми, затоа што сметаме дека е централна во прашањата на поредокот, милитаризмот и национализмот). Но, просто, живееме во доба на глобални превирања и злоупотреби на самата тема на родови идентитети и очекувано е тие да се рефлектираат секогаш кога ќе ги протресеме. Но, од друга страна, генерациската разновидност, пак, токму на сесијата за род донесе многу важни увиди. И визуелно и содржински беше многу впечатлив момент ситуацијата во која неколку генерации на жени стојат една покрај друга и се надоврзуваат за механизмите на опресија и освојувањето на слободите низ годините од минатото.

Како течеше тренингот, групата усвои свои механизми на функционирање, па и покрај посериозните предизвици кога влеговме во Соочување со минатото, групната работа функционираше. Креативна разработка на конфликти делуваше ослободувачки и беше добар вовед во Ненасилна акција.

Ова беше успешен тренинг, со силни предизвици, но и многу силни учеснички/ци со кои сме сигурни дека ќе останеме во контакт и во иднина. Ги чувствуваме како сојузници/чки и со кои радо би соработувале.

*Боро Китаноски*
*Ноември, 2023 год.*

# Програма за поддршка на наставници по историја за подготовка и реализација на воннаставни активности за изградба на мир

[redacted]

Програма за поддршка на наставници по историја за подготовка и реализација на воннаставни активности за изградба на мир се состоеше од две обуки за наставниците, подготовка и спроведување воннаставни активности по предметот Историја и завршна работна средба за евалуација на направеното. Програмата во целост беше реализирана во 2023 година во соработка со Асоцијацијата на наставници по историја на Македонија (АНИМ). Во продолжение може да прочитате подетално за општествениот и образовниот контекст поради кој ја реализиравме оваа програма, а планираме и да продолжиме да работиме на ова поле.

Реалноста во Македонија е дека живееме во една држава, но со поделени општества. Можностите и просторите за комуникација, и просторите за дискусии на потешки теми од етнички карактер, се минимални, скоро непостоечки, а тие се многу силни обликувачи на државата. Ентичките тензии не се мали и постојано се присутни. Оваа реалност редовно се отсликува и во образованието. Имаме јасна сегрегација во образованието по етничка основа. Голем дел од училиштата кои што беа, или функционираа заедно, се одвоија. Имаме училишта со паралелки со различни етнички заедници, но многу често тие се во различни смени – што исто така претставува некаков начин на одвојување. Така што можностите за комуникација на децата, можностите да прават нешто заедно, да играат заедно, се минимални. Но, од таа состојба не треба да бегаме. Процесот на сегрегација не е нов.



Посета на музејот „11 Октомври 1941 година“ - Прилеп, 2023
Ѓупка Христова, наставничка по историја
Автор: Боро Китаноски

Предметот Историја во основните и средните училишта не е имун на состојбата во која живееме. Стари учебници, предавање по застарени методи и без простор за размена на историски теми од заеднички интерес за учениците кои следат настава на различни јазици. Точно е дека програмата и учебниците по историја, како и по сите други предмети, е иста за сите ученици во државата независно на кој јазик ја следат наставата и на која етничка заедница припаѓаат. Сепак, наставниците имаат слобода во избор за одреден процент на лекции дали ќе ги стават во наставен процес или не. Најчесто лекциите кои се исфрлаат се лекциите со фокус на другите етнички заедници, па така и овој основен начин за запознавање на „другиот“ не се користи и се става по страна. А тоа е она што особено недостасува.



Посета на музејот „11 Октомври 1941 година“ - Прилеп, 2023
од лево кон десно: Мире Младеновски (АНИМ), Рубинчо Белчески (кустос на музејот), Горан Талески (МА), Марина Ѓорѓиоска Китаноска (МА)
Автор: Боро Китаноски

Затоа, од голем интерес е одржувањето заеднички наставни и вонналставни активности со деца од различна етничка припадност кадешто децата заедно учат, а пред сè, се запознаваат и комуницираат помеѓу себе. Еден од клучните проблеми во спроведувањето на овој процес е недостигот на комуникација помеѓу самите наставници. Преку оваа програма се обидовме да влијаеме на овие состојби, во рамките на нашите можности.

Иницијалните разговори за тренинг-програмата започнаа во декември 2022 година помеѓу Мировна акција и АНИМ. Следеше период на дефинирање на потребите и можностите, па до март 2023 година беа избрани училиштата и наставниците кои беа поканети да бидат дел од процесот. Се одлучивме за вклучување на наставници по историја кои веќе соработувале со Мировна акција или АНИМ, и тоа по еден наставник од четири основни и четири средни училишта. Оформивме и тренерски тим составен од Боро Китаноски, Емрах Реџепи, Мире Младеновски и Горан Талески. Подготовките за првата фаза започнаа во март, а тренингот со наставниците го реализиравме во периодот 7-9 април 2023 година со учество на 8 наставници од 4 основни и 3 средни училишта.

Агендата на првиот тренинг се состоеше од претставување на замислата за Програмата, работа на контекст, оформување на парови од наставници за идна соработка и почетна размена на идеи за активности. Тука би ја издвоиле работилницата за контекст преку која правевме анализа на лекциите во учебниците по историја за основно и средно училиште. Фокусот на учебниците по историја е претставување на историјата на народите кои живеат во Македонија, што не е исто со историја на Македонија. Наставниците зборуваа за своите искуства во врска со изборот на лекции кои ги предаваат (за основно образование) и можноста преку тој избор силно да влијаат на изучување или не изучување на лекции кои се однесуваат на другите народи. Искуствата говорат дека секој си предава пред сѐ, за својот народ, а лекциите кои се предаваат се лоши и застарени.

Вториот тренинг во програмата беше спроведен во периодот 3-5 јули 2023 г. Фокусот на оваа фаза беше кон подготовка на вонннаставни активности кои ќе бидат реализирани од страна на наставниците и учениците од вклучените училишта. Тренерскиот тим подготви соодветни водичи за подготовка на активностите. Наставниците во парови работеа на разработка на идеите од првата фаза, нивно дополнување и креирање на конкретни вонннаставни активности спремни за реализација. По завршувањето на овој дел, тренерскиот тим и сите наставници во пленум ги разгледавме подготовките и дававме коментари за подобрување на истите. Оваа тренинг фаза заврши со посета на неколку локалитети во Прилеп. Започнавме со посета на спомениците посветени на војната во 2001 година, па продолжиме во музејот „11 Октомври 1941 година" кој е музеј за Втора светска војна, а нашата заедничка прошетка по музеите заврши во музејот на град Прилеп и трајната археолошка и етнолошка поставка. На завршување на овој тренинг, разговаравме за користењето на меморијалите и музеите во обликувањето на колективните наративи на еден народ или држава.

Третата фаза во програмата се состоеше во спроведување на активностите од страна на партнерските училишта. За овие активности подетално може да прочитате во написите кои се однесуваат на нив по завршувањето на овој напис.

Четвртата фаза беше завршната средба на програмата која се одржа во Прилеп од 1-3 декември 2023 година. Оваа средба беше фокусирана на евалуација на спроведените активности, како и евалуација на целиот процес. Сепак, започнавме со учество на вебинарот „Користење на интерактивните наративи на СЕНСЕ центарот во наставата по предметот Историја" (SENSE - Центар за транзициска правда од Хрватска). Вебинарот даде практични примери за користење на орална историја во наставата по историја и беше наменет за наставници од регионот на поранешна Југославија. Потоа, се насочивме кон презентации на вонннаставните активности спроведени од партнерските училишта. По секоја презентација се анализираше постигнатото, се разгледуваа проблемите и предизвиците кои се случиле, се разработуваа идеи или насоки како и што можело да се направи во одредени ситуации на поинаков начин. Се разбира, пристапот на Мировна акција со обуки и спроведување активности беше анализиран и беа донесени соодветни заклучоци кои ќе ни помогнат во креирање на нашата работа на ова поле во иднина.

По завршувањето на предвидената програма за оваа 2023 година, ќе направиме детална анализа на целиот процес. Некои заклучоци се наметнуваат:

**потребно е зголемено користење на сите можности за поголема интеракција на наставниците по историја од различна етничка припадност;**

**потребно е да се овозможи континуиран дијалог помеѓу наставниците за тековните предизвици кои ги имаат: програмски и технички;**

**потребно е да се бараат креативни начини за соработка на учениците од различни етнички заедници кои се заинтересирани за историја;**

**потребна е поддршка на наставничкиот кадар кој што сака да гради мостови меѓу луѓето.**

*Горан Талески*

# Идните медицински работници се залагаат за изградба на мир и промоција на соработка преку истражување и уметност

[redacted]

СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ е медицинско училиште во Скопје со паралелки на два наставни јазика: македонски и албански јазик. Покрај тоа што ова училиште едуцира идни медицински сестри и лекари/ки исто така се залага за промоција на општествени вредности меѓу младите.




Групна фотографија со професорите Кенан Исени и Валентина Стаменковиќ

Иницијатори на промоција на културата на ненасилство, соработка и изградба на мир се професорите по Историја: Валентина Стаменковиќ и Кенан Исени. Овие професори, веќе долги години работат на спојување на ученици и ученички од прва и втора година, преку реализација на воннаставни активности.

Во соработка со „Мировна акција“ од Прилеп, професорите Стаменковиќ и Исени реализираа три активности со учениците од ова училиште, во периодот октомври 2 ноември 2023 год. Нивната цел е да ги охрабрат учениците и ученичките да соработуваат, да се запознаат и да разговараат на темата мултикултурализам во градот Скопје. Активностите се реализирани со група од 16 ученички и ученици. Оваа група имаше можност да се запознае и да изгради меѓусебна доверба: заедно посетија 6 значајни локалитети на територијата на градот Скопје, за на крајот да работат во групи, од различни паралелки и наставни јазици, на истражувачка задача креирајќи трајни двојазични паноа на кои имаат претставено скопски локалитети. Паноата се изложени во холот на училиштето како потсетник на меѓусебната соработка.

Пристапот за реализација на трите активности е креативен и инклузивен. Првата средба се реализира во самото училиште на 2 октомври 2023 год., на која учениците се запознаа и стекнаа меѓусебна доверба. Потоа, двајцата наставници, во улога на модератори, ја користат техниката **„Продолжи ја мислата“** преку надополнување на исказот: „Скопје е...“ На крајот од активноста се презентирани неколку „состави“. Работилницата продолжува со разговор за локалитети од интерес на учениците и ученичките кои подоцна, на втората активност заеднички ги посетуваат.

На 14 октомври 2023 год., реализирана е активноста **„Јас како турист“**. Групата, посети 6 различни локалитети со различна културно-историска приказна. Целта на оваа посета е групата на ученички и ученици да се запознаат со мултикултурното минато на градот Скопје. Посетени беа локалитетите: Мустафа-пашина џамија, Меморијалниот центар за холокаустот на Евреите од Македонија, Музејот на македонската борба за самостојност, Спомен-куќата на Мајка Тереза, Музејот на Град Скопје и излетничкото место Матка и манастирот Успение на Пресвета Богородица. Оваа културно-историска прошетка беше оценета многу високо од групата ученички и ученици, не само поради фактот што беа научени многу нови информации за минатото на градот Скопје и неговата мултикултурна природа, но и поради фактот што многу од овие локалитети беа посетени за прв пат од страна на учениците.

По посетата на локалитети, групата ученици и ученички беа поделена во 4 групи (по четири ученици и ученички од различни паралелки со различен наставен јазик) и имаа задача да направат мал истражувачки потфат за собирање на информации за локалитетот. Фактите за локалитетот се претставени со фотографии и опис на македонски и албански јазик. Нивната истражувачка работа е претставена како трајна изложба на 4 големи паноа во холот на училиштето.

Поставката беше промовирана на 6 ноември 2023 год., под името **„Скопје низ минатото“** во холот на училиштето. Секоја работна група направи презентација на македонски и албански јазик за нивните соученици.



Поставка на 6 двојазични паноа за историското мултикултурно минато на градот Скопје

Поставката е составена од 4 паноа на кои се претставени следниве локалитети:

пано 1: Тумба Маџари и Скупи,

пано 2: Скопското кале и Каменоит мост,

пано 3: Старата скопска чаршија и Скопскиот земјотрес,

пано 4: Гоце Делчев и Мајка Тереза.

Ве покануваме да ја посетите оваа мала, но многу значајна поставка во училиштето, која носи порака на младинска соработка и соживот, ја промовира мултикултурата како носечка сила и вредност во нашето општество.

Идните медицинари се грижат за човековото здравје, но и за изградба на средини кои промовираат и практикуваат изградба на траен мир.

*Приредила: Марина Ѓорѓиоска-Китаноска врз основа на извештаите на Валентина Стаменковиќ и Ќенан Исени*

# „Ние ја градиме иднината!“

[redacted]

Учи историја, гради иднина! Ова мото најдобро опишува што е соочување со минатото и беше силно изразено од дванаесет ученици од гимназијата „Гоце Делчев“ Куманово и од СОУ „Зеф Љуш Марку“ Скопје и од нивните исто така инспиративни професори Анита Зафировска и Насер Мифтари.

Тие започнаа со онлајн-состанок на 30 октомври, каде што учениците и професорите ја искористија можноста за да се запознаат, да разговараат за проектот, за нивните очекувања и за заедничките теми и да се подготват за меѓусебните посети. Првата екскурзија на 14 ноември ги однесе учениците во Куманово - градот на шегата, забавата, дружбата! Прво, учениците го посетија Градскиот музеј на Куманово и беа воодушевени од забавниот концепт и разновидните содржини на музејот. Говорејќи за етничкиот соживот во историјата на градот Куманово, професорите рекоа: „Соживотот бил и ќе биде и понатака“. - Слично на тоа, учениците едногласно ја изразија својата желба: дека сакаат да живеат во мирно, здраво општество каде се почитуваат различностите, постои толеранција и соработка меѓу луѓето, без разлика на верската, етничката или која било основа. Градската прошетка до центарот и историските знаменитости им даде одлична можност на учениците да се запознаат, да стекнат нови пријатели, да се вклучат во дискусии и да изградат меѓусебно почитување и толеранција.



Во музејот на старата чаршија - Скопје, 2023
група ученици

Уште еден успешен ден на учење се одржа во Скопје на 21 ноември. Денот беше посветен на учење за минатото, едни со други и како ја замислуваат нивната заедничка иднина. Учениците уживаа во долга, возбудлива прошетка низ старите и новите делови на Скопје поврзани со Камениот мост. Тие ги посетија Стара скопска чаршија, Сули ан, Музејот на старата чаршија и изложба во Чифте амам. Тие потоа продолжија на плоштадот Македонија и поновите делови на градот. Потоа следеше стимулативна дискусија за улогата на историјата како наставен предмет, зачувувањето на културното наследство и различноста на жителите на Скопје. Сите беа задоволни од стекнатото драгоцено искуство од теренската настава како простор за дијалог и уникатната можност за градење нови пријателства.



На Кале - Скопје, 2023
Учесниците на средбата во Скопје

Учиме, креираме, создаваме! Целото искуство беше заокружено на финалната онлајн средба на 28 ноември под мотото на дружење и пријателство кое ќе се манифестира во заедничкото креирање на маици – вистински носејќи ги нивните срца на ракавите! Покрај споделувањето на нивните позитивни впечатоци од програмата, тие го претставија и нивниот заеднички проект: успешни женски историски личности. Нивната презентација ги вклучуваше Клеопатра, св. Ирина, Индира Ганди, Клара Цеткин, Теута Арифи, Ангела Меркел и Маргарет Тачер. Она што започна со две групи, прерасна во една – претставена во нивните колективни групи на социјални медиуми каде што срећно открија заеднички интереси, формираа пријателства, а некои веќе почнаа да го планираат своето универзитетско време заедно во Скопје!

Заедно продолжуваат под мотото: Вчера е историја, денес е сегашноста, утре е иднината! Без отворен ум на учениците и професорите ова искуство немаше да биде толку успешно. Сите тие истакнаа дека ваквите вонннаставни активности и простори за интеракција се од суштинско значење за изградба на стабилна, демократска и просперитетна иднина. Гледањето заеднички на минатото и доживувањето на различностите во сегашноста ја градат рамката за шарена и мирна слика на заедничката иднина.

*Приредила: Катарина Шмиц врз основа на извештаите подготвени од Анита Зафировска и Насер Мифтари.*

# Да ја пишуваме историјата на иднината со љубов

[redacted]

Во соработка со „Мировна акција“ од Прилеп, професорите Мејрем Кадриу од основното училиште „Наим Фрашери“ од Морани, Општина Студеничани и Љупка Христова од основното училиште „Јоаким Крчовски“, Волково, Општина Ѓорче Петров, Скопје, заедно со нивни ученици реализираа три активности во периодот октомври – ноември 2023 г., како дел од нивната иницијатива за поголемо запознавање со нашите култури и градење заедничка иднина.

**Запознавање на учениците.**

Првата активност се одржа на 26.10.2023, во основното училиште во село Морани. Целта беше да се запознаат учениците меѓу себе и да се намалат или надминат предрасудите меѓу нив, како и да научат повеќе за албанската култура од страна учениците од Морани. Во склоп на таа активност, учениците домаќини, од IX одделение, готвеа и флија (слично на ѓомлезе), традиционална албанска храна која им е омилена на многумина што ја пробале. Домаќините практично и при заедничко дружење покажаа како се подготвува, а потоа и сите заедно јадеа флијата и други јадења кои децата ги донесле во училиштето. Како дел од активноста, учениците од Волково одржаа презентација за нивното училиште и култура, а презентација имаа и учениците од Морани, кои меѓу другото презентираа и стара куќа од селото. Наставниците споделија дека беше убаво да се сведочи меѓусебното прифаќање на културните специфики на учениците, и дека активноста им годела на сите.




Приготвуваме Флија - Моране, 2023
Групата ученици заедно со наставничките Љупка Христова и Мерјем Кадрију

### Посета на историски знаменитости во Скопје.

Втората активност се одржа на 7.11.2023 во Скопје. Целта беше учениците од двете училишта да се состанат во Скопје и заедно да ја видат културата пообјективно, без поделби, како и да ја разберат важноста и значењето на историските знаменитости. За да се подигне свесноста за нивното зачувување. Учениците се сретнаа на Кале, за кое претходно и двете училишта имаа истражувано на својот јазик. Тие всушност ја играа улогата на Цицерон, запознавајќи нè за минатото. Потоа ја посетија џамијата „Мустафа Паша“, па црквата „Св. Спас“ со гробот на великанот Гоце Делчев. И двата објекти имаат важна културолошка вредност, и потекнуваат од истиот период. Потоа, заеднички го истражуваа начинот на живот во Чаршијата, која во времето на Отоманската Империја служела како центар на градот. Го посетија и амамот Даут Паша и други објекти низ Чаршијата, при што се разговараше и за поважни историски фигури од тој период. На крај застанаа кај плоштадот Скендербег, каде што разговараа за Ѓерѓ Кастриоти – Скендербег, а истовремено и за улогата и важноста на Гоце Делчев. На оваа активност, учениците разбраа дека Скопје со својата историја не нè дели туку напротив, нè обединува во повеќе аспекти.




Заедничка работилница во Волково, 2023

### Посета на историски споменици во Тетово.

Третата активност се одржа на 23.11.2023 во Тетово. Целта на оваа активност беше иста како и за претходната. Учениците да се освестуваат за значењето на историските споменици и да доживеат дел од историјата за да сфатат дека е вредно богатство. Активноста почна од село Волково, каде што беа пречекани учениците од село Морани. Таму учениците работеа заедно и креираа 4 ѕидни весници поврзани со активностите дотогаш. По презентациите сите заедно патуваа за Тетово.

На почеток се посети Лешочкиот манастир, каде што зборуваа за историјата на самиот манастир. Потоа се продолжи кај Шарената џамија во градот, каде што исто така се зборуваше за историјата на објектот. Следна дестинација беше Стариот амам во Тетово, па посетата на Штуловиот универзитет каде што беше и заедничкиот ручек. Така на учениците им се покажа и како е да се биде студент, за и самите да сонуваат за тоа кога ќе им дојде времето.

Трите активности беа успешни. И учениците и наставниците се задоволни од процесот и содржината, и се заинтересирани за повеќе активности од овој тип. Особено во однос на надминување на предрасудите, зачувувањето на историското наследство, како и градењето заедничка иднина.

*Приредил: Емрах Реџепи врз основа на извештаите на Мерјем Кадрију и Љупка Христова*

# Барање загубени богатства и време на патување

[redacted]

Кој рече дека историјата е сувопарна и досадна, сигурно не бркал една авантура по друга како учениците на ООУ „Кирил и Методиј“ с. Канатларци и ООУ „Браќа Миладиновци“ с. Добрушево, прекрасно осмислени од наставничките Фросина Ѓорѓиески и Ана Целкоска!




Пред Хераклеја - Битола, 2023
Наставничката Ана Целкоска со група ученици

На 17 ноември, учениците од ООУ „Кирил и Методиј“ од с. Канатларци за првпат се сретнаа со учениците од ООУ „Браќа Миладиновци“ с. Добрушево за да бараат закопани богатства во Битола. Патувањето го организираа наставничките Фросина Ѓорѓиески и Ана Целкоска, кои љубезно ја поканија и Катарина Шмиц, мировна работничка во „Мировна акција“, да ги придружува. Првично, учениците срамежливо се претставија едни со други. Но, ентузијастичките наставнички го скршија мразот помеѓу двете групи со бура на идеи за прашањето „Како го разбирам поимот детство?“. Оваа интерактивна размена на идеи беше изведена во круг пред импресивната сценографија на амфитеатарот во Хераклеја. По краткото информативно предавање на наставниците за условите за живот на децата од антиката до денес, учениците се запознаваа меѓу себе додека живо разговараа за тоа како нивната реалност и секојдневие, на пр. за пристапот до образование или домашните обврски, се разликуваат во споредба со децата во другите епохи. Откако го воспоставија ова прво чувство на колективност, учениците се впуштија во нивната прва авантура: лов на богатство!

Почнувајќи од Хераклеја, наставничките сокриле фото-магнети кои ги прикажуваат сите историски знаменитости што ги посетиле: Музејот на град Битола, Офицерскиот дом и Саат-кулата. Со секој лов на богатство, учениците добиваа поголем ентузијазам, активно ја пребаруваа околината додека меѓусебно си помагаа и соработуваа. Музејот на град Битола особено ги возбуди учениците. Тие беа заинтересирани за секоја изложба, споделуваа идеи и впечатоци и заедно се потпишаа во книгата на посетителите во изложбените простории на Мустафа Кемал Ататурк. Со заедничкиот ручек заврши успешниот ден на истражување и поврзување.

Нишката на размислување иницирана во Хераклеја за „децата низ историјата" ја продолжија учениците и наставничките на нивната следна средба на 24 ноември во училиштето во Добрушево. Овој пат, учениците ги презентираа своите идеи за тоа како се идентификуваат со децата во минатото. Тие заеднички создадоа мисловна мапа во која се наведува дека додека се подобруваат правата на децата, условите за живот и образованието, продолжуваат должностите и обврските за поддршка на родителите во нивната работа и задолженија. И овој пат наставничките подготвија уште една авантура: овој пат учениците тргнаа на патување низ времето!




Доделување сертификати за учество - с. Добрушево, 2023

Сепак, ова патување низ минатото беше повеќе лично бидејќи беше генерациско. Учениците споделија подготвен работен лист во кој споредуваа популарни игри и личности, образование, можности за работа, социјални активности и одмор, за нивните родители и нивните баби и дедовци. Оваа вежба резултираше со живописна, возбудлива и колоритна размена каде учениците открија сличности и разлики. Последново, сепак, доведе до уште поплодни разговори во кои радосно си објаснуваа игри или места. Патувањето низ времето продолжи кон иднината и учениците размислува за наследството што сакаа да го остават зад себе. Прво, тие креативно го манифестираа своето чувство на единство и радост оставајќи траги зад себе - отпечатоци и имиња на нивните раце. Конечно, се снимаа со камера како „стари луѓе" (со дигитални филтри) и споделија совети и пораки што сакаа да ги остават зад себе. Како вистински баби и дедовци, тие наведоа рецепти за ајвар и баклави, свадбени обичаи и традиционално сликање.

Но, пред сѐ, тие сакаат да го остават зад себе она што и самите се надеваа дека ќе го изградат: *Подобра иднина!*

*Приредила:*
*Катарина Шмиц врз основа на извештаите подготвени од Ана Целкоска и Фросина Ѓорѓиески*

# Претставуваме:

## „Прирачник за воннаставни активности по предметот Историја за основно и средно образование“

„Прирачникот за воннаставни активности по предметот Историја за основно и средно образование“ е наменет за наставници и наставнички по Историја коишто работат во основните и средните училишта во нашата држава. Се разбира, овие воннаставни активности можат да бидат искористени и од страна на наставници по други предмети или пак едукатори кои работат во други области, доколку им се најдат корисни.

Во прирачникот се ставени 8 воннаставни активности предвидени за реализација на далечина, користејќи некоја од платформите за таа намена (тестирани се преку МС ТИМС), но можат лесно да се адаптираат и за изведба во живо. Преку прирачникот сакаме да дадеме придонес за реализација на онлајн активности за меѓуетничка соработка по предметот Историја. Спроведувањето на онлајн активности во мешан етнички состав не е замена за запознавање во живо, но е бесплатна варијанта која може да овозможи меѓусебна комуникација. За секоја од воннаставните активности во прирачникот е наведена возрасната група за која таа активност ја препорачуваме, како и време за реализација на истата. Некои од активностите имаат анекси кои се поместени на крајот од овој прирачник.

Прирачникот беше подготвен од искуствата во рамките на проектот „Толкување на заедничката историја на современото време“. Тоа беше и прва соработка на Мировна акција (МА) и Асоцијацијата на наставници по историја на Македонија (АНИМ). Преку проектот беше предвидено запознавање и заедничка работа преку тренинзи и дијалошки средби на наставници по историја, но заради пандемијата со корона-вирусот, имавме големи тешкотии при спроведување на проектот. Во првата фаза од проектот одржавме Програма (со исто име како и проектот) спроведена во 4 фази со вклучен тренинг и 3 дијалошки средби со вкупно 42 работни часа. Програмата беше спроведена во периодот август-декември 2020 г. на платформата Зум (Zoom). Проектот продолжи со гореспоменатото истражување на учебниците, а групата наставници која беше дел од тренинг-програмата ги осмисли воннаставните активности за реализација на далечина користејќи ја платформата МС ТИМС (MS Teams), поместени во овој Прирачник. Во месец април 2021 година наставниците автори на овие активности ги реализираа овие активности со деца во мешан етнички состав во групи во кои имаше вклучено од 3 до 4 училишта. Во рамките на проектот беше спроведено и истражување од кое произлезе гореспоменатата анализа на учебниците, а на крајот на мај се одржа и завршната конференција „Историјата може и да зближува“ каде конечно и во живо меѓусебно се запознаа учесниците во проектот. Проектот беше со финансиска поддршка од програмата „Цивика мобилитас“ и поддршка од „Курве, Вустров“.

Уредници на Прирачникот се Горан Талески од Мировна акција и Ивана Настовска од АНИМ. Автори на активностите во Прирачникот се: Наташа Матакова, СОУ „Добри Даскало“ - Кавадарци; Дијана Рубелова, СОУ „Димитар Влахов“- Струмица; Анита Зафоривска, СОУ „Гоце Делчев“ - Куманово; Кенан Исени, СОУ „Д-р Панче Караѓозов“ - Скопје; Валентина Стаменковиќ, СОУ „Д-р Панче Караѓозов“ - Скопје; Драган Трајчев, ООУ „Раде Кратовче“ - Кочани; Никола Толоманоски, СОУ „Ристе Ристески Ричко“ - Прилеп; Весна Баркова, ООУ „Панко Брашнаров“ - Велес; Мире Младеновски, ООУ „Тихомир Милошевски“ - Скопје; Ирена Младеновска, ООУ „Мирче Ацев“ - Скопје; Љупка Христова, ООУ „Јоаким Крчовски“ - Скопје; Мерјем Емини, ООУ „Лирија“ - Тетово; Харун Реџепи, ООУ „Миѓени/Братство“ - Тетово; Ивана Настовска, ООУ „Добре Јованиски“ - Прилеп; Фросина Аврамоска, ООУ „Климент Охридски“ - Прилеп; Ана Мицевска, ООУ „Браќа Миладиновци“ - с. Добрушево; Драган Димов, ООУ „Александар Турунџев“ – Битола, с. Кукуречани и Здравко Стојковски, кустос - „Музеј Македонија“.

Прирачникот иницијално беше подготвен само во електронско издание (интерактивно ПДФ), но заради интерес на голем број наставници по историја, направивме и печатено издание. Печатеното издание на македонски јазик излез во печат во 2022 година, а изданието на албански јазик во 2023 година.

*Горан Талески*




Насловна страна на Прирачникот за воннаставни активности по историја за основно и средно образование

# Претставуваме:

## Второ издание на книгата „Растење со војна“

Книгата „Растење со војна“ е прва издадена книга на Мировна акција со животни приказни за војната во 2001 година. Книгата е издадена пролетта 2009 година, а работата на неа траеше околу 12 месеци. Делумно бевме свесни за предизвиците кои произлегоа во подготовката на книгата, а пред сè за тешкотиите да се најдат соговорници кои ќе сакаат да зборуваат за конфликтното блиско минато. Но, за многу од предизвиците не бевме свесни, а пред сè ова се однесуваше на обработката на приказните: транскрипција, превод и лектура. Тогаш, во 2008 – 2009, при транскрипцијата на интервјуата се водевме до максимална автентичност на кажаното и го задржавме дијалектот и граматичките неправилности во таквиот исказ. Ова доведе до максимално автентични интервјуа, но притоа многу читатели се фокусираа на овие неправилности, наместо на кажаното т.е. суштината и контекстот кој нам ни е најзначаен. Заради недостаток на средства, преводите од македонски на албански јазик и обратно беа направени од наши пријатели, активисти, кои завршија голема работа во рамките на своите можности, а лектура не можевме да си дозволиме.




Насловна страна на книгата „Растење со војна“ - второ издание

Заради гореспоменатите причини, веќе подолго време баравме начин да ја преиздадеме книгата, со направени корекции во јазикот на интервјуата и со корекција на грешките во преводот. Но, пред сè, сметавме дека оваа книга, која содржи интервјуа со луѓе кои биле млади во време на војната, заслужува втор живот.

Реализацијата на ова беше овозможена во рамките на проектот „Зајакнување на гласот на жртвите преку инклузија и трансформација на наративите“ кој Мировна акција го спроведува во рамките на Конзорциум на организации кои доаѓаат од Косово, Србија, Холандија, САД и ние од Македонија, а е финансиски поддржан од Европската Унија. Сметавме дека тоа е најсоодветно да се направи во рамките на проект кој е со фокус на наративите за војната што е клучно за разбирање на страдањата и потребите на другите во рамките на еден поширок процес за Транзициска правда кај нас и во регионот.

*Проектниот тим на Мировна акција*
*Јули, 2023 год.*

# (Како) и дали воопшто Непал се соочува со минатото?

Катарина Шмиц, Меѓународен мировен работник во Мировна Акција и КУРВЕ Вурстров

Авторката би сакала да им се заблагодари на г-ѓа Бишу Кала Бандари и г. Дипендра Бахадур Синг за нивните ексклузивни интервјуа, споделувања  и значајни видувања, но и на г. Прабат Бата за консултацијата.

## Извадок

Иако се поминати повеќе од 15 години од вооружениот конфликт меѓу државните трупи и маоистичката Народноослободителна армија (НОА), кој беше надминат со Сеопфатен мировен договор, непалското општество останува да биде обележано со конфликтот, а фрустрациите растат поради неисполнетите ветувања од страна на политичката елита, и меѓу жртвите и меѓу поранешните борци.

## Вовед

Непал е јужноазиска земја без излез на море, лоцирана на Хималаите. Како што велат Непалците, таа е во „сендвич“ меѓу Индија и Тибет/Кина. Триесетте милиони жители на Непал формираат многу разнолико етничко, културно и религиозно општество и зборуваат повеќе од 100 јазици. Сепак, Непал е земјата со втора по големина хинду заедница во светот, а порано беше и хинду-монархија и држава, пред да стане секуларна држава по вооружениот конфликт. Исто како и во Индија, системот на касти, и покрај тоа што веќе 50 години е укинат, сè уште е присутен во социјалните хиерархии, правото, и пристапот до јавните ресурси и позиции.

## „Народната војна“

Во 1990 година, по 50 дена граѓански протести од страна на непалскиот народ, народното движење стави крај на триесет годишното владеење на автократската монархија и ја врати повторно повеќепартиската демократија со уставна монархија. Руралните области беа особено осиромашени, домот на етничките малцинства и „пониските касти“ како што се Далитите кои се соочувале со дискриминација векови station наназад во феудалниот социоекономски систем (Upreti& Sapkota 2017). За време на првите слободни избори се појави длабоко поделена политичка левица. И покрај тоа што резултираше со социјалистичка победа за непалската конгресна партија, комунистичките партии го критикуваа недостатокот на структурални промени. Тогаш новоформираната радикална комунистичка партија на Непал – маоисти, ја започна Граѓанската војна на 13 февруари 1996 година.

Со текот на времето, бунтот се засили и Народната либерална армија, борбената рака на комунистичката партија на Непал – маоисти, ја рашири контролата на над 80% од територијата на Непал, употребувајќи етничка класна идеологија за да мобилизира поддршка од работничката класа, жените и етничките малцинства. Според Дипендра Бахадур Синг[1], сиромаштијата и социјалната нееднаквост „потпомогна да се рашири вооружениот конфликт“, а маоистите се појавија како единствени политички актери кои категорично ги застапуваа и спроведуваа правата на жените и етничките малцинства. Тие искусија директна и непосредна еманципација, вклученост, претставување и учество во владините тела. Наводно, 40% од поддржувачите и активните борци на НОА беа жени, кои служеа на воени и политички лидерски позиции (Pauls et al 2019). Но, разубавената слика за „моќната жена од Народно ослободителната армија (НОА)“ е само еден дел од вистината. Тие

1 Одговорно лице за човекови права во Државната комисија за човекови права на Непал.

исто така, биле подложени на насилство и малтретирање од страна на непријателите, на сексизам од мажите соборци и доживеале тешки премрежија, вклучувајќи здравствени ризици за време на породување во услови на глад во џунглата или неопходноста да се разделат од нивните деца „заради борбата“.



Жени во единиците на Народната Ослободителна Армија

По ескалирањето на насилството, убивањето цивили, воените злосторства и политичкиот безизлез, автократскиот потег на кралот во 2005 година кон апсолутна монархија и воена контрола им даде причина на политичките актери да се здружат. Маоистите се здружија со демократските партии против монархијата. И повторното движење поттикнато од луѓето доведе до оставка на кралот и потпишување на сеопфатен мировен договор (СМД) во 2006 година. А сепак, од народната војна произлегоа приближно 15 000 смртни случаи, 1300 внатрешно раселени, 1300 исчезнати, заедно со широко распространетото уништување и нестабилност. Воените злосторства и злосторствата против човештвото, вклучувајќи масовни убиства, силувања, киднапирања и масакри, оставија долготрајни колективни и индивидуални лузни и трауми (Risal 2018, ICTJ, Upreti& Sapkota 2017).

Во 2007 година Непал објави крај на 400-годишната монархија со прогласување на Федерална Република Непал, со нов устав официјално објавен во 2015 година (Upreti& Sapkota 2017). Истата година се случи најсмртоносната природна катастрофа во историјата на земјата, земјотресите од 2015 година, кои однесоа приближно 9000 животи и околу 23 000 повредени. Бишу Кала Бандари[2] потенцира дека земјотресот, ковид-19 пандемијата и последователниот економски пад ги влоши проблемите и ја усложни ранливоста на жртвите трауматизирани од конфликтите.

2 Извршен член на Бордот на Advocacy Forum Kathmandu, Nepal, https://www.advocacy-forum.org/

**Непал по конфликтите**

Земјотресот во 2015 година за момент ја обедини нацијата. Се случи навидум транзиција кон демократска република која сите ја поддржаа, т.е. успешна „политичка разрешница на политичкиот конфликт" и повторната интеграција на бунтовниците се сметаше како позитивен аспект на воспоставување мир што ветува (Синг). Сепак, се смета дека мировниот процес во Непал во моментов стагнира и наидува на значајни предизвици.[3]

***Беше речено дека вооружениот бунт има цел да постигне економска и социјална еднаквост, да ја искорени дискриминацијата на кастите, да ја ублажи сиромаштијата и да овозможи еднаков пристап на едукација и здравствена заштита. Сепак, овие проблеми остануваат нерешени (Синг).***

Жените, поранешни борци од НОА и етничките малцинства очекуваа зголемена застапеност и намалена дискриминација. Малкумина од нив останаа или пак станаа политички претставници, водачи на заедницата или советници. Па дури и разочараните веруваа дека маоистичкиот бунт има заслуга во еманципација на жените во Непал. Но, за многумина прагматичната политика на маоистичката елита и имплементираниот мировен процес се чини откриваат дека вклучената реторика за време на Народната војна беше само обичен инструмент за мобилизација и барање моќ (Dudouet et al 2016). Првото Народно Собрание (СА) беше разнолико, меѓутоа второто веќе многу помалку и кабинетот главно содржеше жени од елитата на високите касти. Слично на тоа, тековната политична инклузија на жените е во голема мера симболична и единствено прифатлива преку поврзување со елитата на мажите. Овој факт, а и уставот од 2015 година, кој не ги исполни очекувањата во делот на територијална автономија и етнички-заснованите територијални барања, создадоа разидувања меѓу некои етнички заедници и маоистите. (Pauls et al 2019). Хема (in Pauls et al 2019) го дава следниов заклучок од фрустрациите на поранешните борци:

***Ако вашиот мотив беше да барате моќ и пари, зошто го вовлековте обичниот човек во војната? [...] Нѐ искористивте, зашто ние всушност се боревме за правата на луѓето.***

**Транзициската правда (ТП)**, клучен елемент на Сеопфатниот мировен договор, исто така не донесе резултати после 17 години. Виновниците се на државни позиции, дефакто уживаат неказнети, а мерките за вистината и помирувањето остануваат неусвоени (Синг). Комисијата за вистина и помирување (КВП) и Комисијата за истрага на принудно исчезнати лица беа основани дури девет години по Сеопфатниот мировен договор и бавно почнаа да собираат жалби. КВП собра преку 64 000 жалби, а Комисијата за истрага на принудно исчезнати лица 3000 жалби, според Меѓународен центар за транзициска правда (ICTJ). Како и да е, нивната работа беше запрена, вработените постојано се заменуваа и никакви постапки не следеа – никаква идентификација на останките, истражувањата, јавните сослушувања или извештаи – што предизвика страдање на жртвите и недоверба кон институциите (Бандари). Клучните аспекти на транзициската правда стагнираат, што се покажува преку „индиферентноста" на државата (Синг). И по неостварените ветувања, премиерот сепак неодамна објави дека транзициската правда е повторно приоритет на владата[4] (Бандари).

Отсуството на вистина, правда и обештетување, заедно со недостатокот на одговорност и завршница, ги остави жртвите фрустрирани и преморени, ограничувајќи го просторот за справување со конфликтното минато на Непал (Бандари). Фер и правичен однос е клучен за достоинството и довербата на една личност. За жал, перцепцијата и материјалната реалност на секојдневното понижување опстојуваат, истакнувајќи дека таквата наложена задача е повеќе од симболична. На преживеаните кои поминале низ тортура и претрпеле физички, ментални, социјални и емоционални повреди им треба скап медицински третман и психофизичка поддршка. Често, старите и женските роднини на покојниот или на насилно исчезнатите се соочуваат со слично страдање, усложнето со осиромашување што следи по киднапирањето или убивањето на главата на семејството (Меѓународен центар за транзициска правда - ICTJ 2014). Ова ги нагласува силните оптоварувања со кои, особено жените, се соочија за време на војната, а нивните жртви што често се меѓу најсериозните, во голема мера беа неслушнати и исклучени од јавноста (Risal 2018). На пример, програмата за привремено олеснување (Interim Relief Programme - IRP), имаше намера да им помогне на жртвите од конфликтот, пр. со школарини и надоместоци, категорично ги исклучи преживеаните од сексуално и родово засновано насилство, односно жените (ICTJ 2014). Бандари потенцира дека:

3 https://dashboards.sdgindex.org/profiles/nepal (22/11/2023).

4 https://thehimalayantimes.com/kathmandu/government-committed-to-bringing-those-responsible-for-grave-human-rights-violations-to-justice-pm-dahal; https://www.advocacyforum.org/news/2023/09/news-af-icj.php (22/11/2023)

***Тековната сиромаштија и дискриминација го нарушува мирот, а особено влијае врз пристапот на жените и маргинализираните групи до значајни услуги и ресурси. Корупцијата, недостатокот од демократизација во институциите и социјалните нееднаквости придонесоа за фрустрациите, зголемувајќи го ризикот од повторно обновување на конфликтот.***

И покрај успешно завршениот DDR процес набљудуван од страна на UNMIN во 2013 година и умерен мониторинг статус од Crisis Watch[5], постои ризик некои фрустрирани поранешни маоисти, кои поседуваат герилски воени вештини, повторно да се радикализираат и мобилизираат (Parlevliet 2011, Rohstein 2020). Синг смета дека непосредна веројатност на насилни активности со политички барања не е веројатно дека ги истакнува нерешените причини од минатиот конфликт. Смената меѓу „религиозна и етничка тензија", како и да е, подигнува загриженост за потенцијални вооружени конфликти на етничка основа (Бандари, Синг). Со оглед на коалиционата влада формирана од поранешни актери во конфликтот, конфликтните наративи не се присутни во поделеното општеството. Меѓутоа, конкурентни наративи се појавуваат поради тоа што недостасува некој да се потруди да направи сплотен историски приказ. Претставувањето на конфликтот се разликува врз основа на интересите на самите актери. Спорот и радикалната употреба на терминологија може да доведат до презир кон „другиот". Проблематично, таквата дискусија може да „оправда" дури и грозоморен криминал на прекршување на човековите права кога ќе им се даде политичка боја (Синг).

За жал, овие дискусии се случуваат без медиумите и не се на јавна сцена, што придонесува за потенцијална колективна амнезија во врска со конфликтот (Синг). Медиумите посветуваат оскудно внимание на конфликтот и неговите жртви, занемарувајќи да се осврнат на неговите коренити причини, а политичките партии исто така само по малку дискутираат за минатите конфликти (Синг). Не само деталите и приказните, туку дури и терминологијата на соочување со минатото е скоро невидлива. Термините како што се транзициска правда (ТП) и помирување, од време на време се инструментализираат од страна на државата, а се користат главно од граѓанските организации



Лила Лопчан (десно), го покажува портретот на нејзиниот исчезнат сопруг. Сите останати жени на сликата изгубиле некого од своето семејство.
Автори: Лукс Фонт и Јулиа Фернандес Каденас

5 https://www.crisisgroup.org/crisiswatch/database?location[]=39

(CSOs)[6]. Па така, локалните и меѓународните граѓански здруженија не само што се застапуваат за основна поддршка за жртвите и напредок во процесите на транзициската правда (ТП), туку и се соочуваат со ѕид на тишина и невидливост. „Не се учи многу на училиште“ (Синг), оставајќи ги младите генерации со недостиг од општо знаење, разбирање и свесност за конфликтот, неговите причини и последици. Тие се концентрираат на нивните тековни предизвици на невработеност и политичка нестабилност (Бандари). Сепак, се залажуваме ако гледаме на вооружениот конфликт како на затворено поглавје, одделен од сегашноста, поставен на полица додека некој не најде време и мотивација да се справи со него.

***Потенцијалот за повторно враќање на вооружениот конфликт во Непал е значително под влијание на несоодветниот пристап кон минатото. И додека се претпоставува дека конфликтот е завршен, нерешени прашања придонесуваат за ризикот од обновени тензии. (Бандари).***

## Соочување со минатото, справување со сегашноста

И покрај овие предизвици, граѓанските организации и заштитниците на човековите права како Бандари и Синг неуморно работат кон постигнување мир. За граѓанските организации, процесот на соочување со минатото е од најголемо значење за процесот на градење мир во Непал. Тие користат пристап на ненасилна трансформација на конфликти со поддршка на меѓународни програми за донација. Ваквото финансирање поддржува значајни обуки за градење на капацитети кај вработените, ја олеснува достапноста до руралните средини, и ги зајакнува локалните организации во градењето цврст и одржлив став. Во работата со соочување со минатото, граѓанските организации, како што е Форумот за поддршка Непал (the Advocacy Forum Nepal) користат различни алатки за да создадат платформи за информирање, интеракција и дебати. На пример, преку раскажување животни приказни во заедници и училишта, документирање на приказните за конфликтот, театар, дијалози и средби со медиумите. Нивната цел е да овозможат што е можно повеќе луѓе да се запознаат и со конфликтите од минатото и со последиците од нив во сегашноста (Бандари).



Учеснички на работилница во организација на невладина организација партнер на КУРВЕ Вустров од Непал
Извор: КУРВЕ Вустров

6 Германските и швајцарските граѓански здруженија се единствените што го користат терминот DWP – Dealing with the Past (Bandhari).

За да постојат информации потребни се достапни податоци. Токму затоа „Колективната кампања за мир“ ја основа платформата „Непал Монитор“ (https://nepalmonitor.org/). Непал Монитор ги информира своите корисници преку текстуални пораки и електронска пошта во реално време за критични ситуации за човековите права и обезбедува интерактивна мапа на која корисниците може да видат каде, кога и какви прекршувања на човековите права и прашања околу безбедноста се појавиле. Транспарентноста, како и будната домашна и меѓународна публика, се клучни за да се изврши притисок врз политичкиот фактор, да се собере поддршка и да се овозможи граѓаните да донесуваат одлуки врз основа на добиени информации и активно истите да учествуваат во демократијата. Собирањето и ширењето на животни приказни, покрај дијалозите за политиките, се клучен начин за граѓанските организации да извршат притисок за следење на конфликтните случаи и да се заложат за потребите жртвите да ги добијат своите права (Бандари). Еден таков пример е „Азиската академија за мир, истражување и развој“[7] која нуди квалитетни услуги преку истражување, управување со знаењето, како и техничка поддршка и обука за организациите. Друг таков пример е Меѓународниот центар за транзициска правда (ICTJ), кој заедно со своите извештаи обезбедува и техничка поддршка за комисиите, помош за владините тела и обука за испитувачите.

Граѓанските здруженија, како што е „Нагарик Аваз“[8], играат витална улога во давањето поголема самодоверба на жените-жртви од конфликтите. Ги информираат жртвите за нивните права, ги упатуваат до организациите за жртви и соодветните управни органи, олеснувајќи им ја на таков начин интеграцијата во мировниот процес што е од големо значење. Најважно е овие групи да соработуваат меѓу себе, да се организираат и заеднички да настапат во процесот на транзициската правда. Со еден холистички пристап кој е фокусиран на лечење, терапија, раскажување приказни и зајакнување преку обука, „Нагарик Аваз“ во секоја жртва гледа водач и им дава поддршка за да станат мировни активистки. Овој процес вклучува борба против безнадежноста и стигмата, овозможувајќи им на жртвите да го кренат својот глас и да ги споделат нивните приказни, како што е опишано во краткиот документарен филм „Зошто ние?“ [9] (Risal 2018)

Постконфликтната и финансиската борба на жените се влошува со традиционалните навики на дискриминација, што особено се рефлектираат врз вдовиците и самохраните мајки кои се соочуваат со огромна стигматизација. Организацијата „Жените за човекови права“[10] ги поддржува и ги прави појаки овие жени со тоа што им обезбедува место каде ќе имаат доверба, другарување и безбедност. Ова вклучува премостување на општествените бариери, зашто обучувачите од високата средна класа среќаваат жени од руралните средини што се неписмени, поранешни борци и преживеани жртви на сексуално насилство. „Жените за човекови права“ (WfHR) нуди обуки за трансформација на конфликти, за земјоделство, за сточарство, со тоа што ќе овозможи самостојна егзистенција, повторна интеграција во општеството и бегство од онакви работни услови налик на феудалните. Резултат од ваквиот инклузивен пристап е успешна соработка на жените и покрај тесно дефинираните идентитети и конфликтни наративи (Dietzel).

## Заклучок

Тековните насилни протести, очајот меѓу жртвите од конфликтот и разочарувањето меѓу поранешните борци, оставаат една мрачна слика од Непал по конфликтот. Стеснувањето на просторот за делување на граѓанското општество, споено со de facto неказнивоста на воениот криминал, потоа сиромаштијата, социјалната неправда и корупцијата, се сегашни значајни пречки кон позитивен мировен процес. Сеопфатниот мировен договор, коалициската влада, Комисијата за вистина и помирување и Комисијата за истрага на принудно исчезнати лица, претставуваат цврста основа за воспоставување мир и помирување. Ова не смее да се заборави, со оглед на фактот дека тоа е основа што на многу постконфликтни/конфликтни земји значително им недостига. Меѓутоа, мирот не се гради само со мировен договор. Компонентите на транзициската правда од Сеопфатниот мировен договор бараат итна имплементација за да се избегне останување на празна конструкција. Давање приоритет на економските предизвици без осврнување на нерешените причини и трауми

7 https://asianpeaceacademy.org/home-1/, исто така и: https://www.kurvewustrow.org/publikation/working-peace-nepal

8 https://nagarikaawaz.org.np/

9 https://www.youtube.com/watch?v=__ISf5nGLOk&t=496s

10 https://whr.org.np/website/

од конфликтот го отежнува патот до просперитетна иднина. Моментално осамени, но од витално значење се граѓанските организации чија улога е да ги одржат достапни клучните играчи, да ги охрабрат граѓаните, да го поттикнат демократски начин на размислување. Сето ова заслужува целосна национална и меѓународна поддршка. Нивната упорност и храброст се тие што го сеат семето кое треба да пушти цврсти корени, спречувајќи да не се повтори насилството и поддржувајќи ги жртвите на конфликтот до нивниот пат кон правда и мир во Непал.

### Извори

Bhandari, Bishnu Kala, пишано интервју 22/11/2023

Dietzel, Peter, Die Farben von Kailali, Südasien Journal 2/2022, https://www.kurvewustrow.org/publikation/die-farben-von-kailali(22/11/2023).

Dudouet, Véronique and Stina Lundström, Post-war Political Settlements. From Participatory Transition Process to Inclusive State-building and Governance, 2016, Berghof Foundation Berlin.

ICTJ – International Centre for Transitional Justice, Nepal, https://www.ictj.org/location/nepal (22/11/2023).

ICTJ 2014, To Walk Freely with a Wide Heart. A Study of the Needs and Aspirations for Reperative Justice of Victims of Conflict Abuses in Nepal, 2014, https://www.ictj.org/publication/nepal-reparations-walk-freely-wide-heart (22/11/2023)

Parlevliet, Michelle, “Human Rights and ConflictTransformation: Towards aMore Integrated Approach” in: B. Austin, M. Fischer, H.J. Giessmann (eds.) 2011. Advancing Conflict Transformation. The Berghof Handbook II. Opladen/Framington Hills: Barbara Budrich Publishers. 377-404.

Pauls, Evelyn, TripaniBaijali, Lila Sharma, et al (eds.), I Have to Speak. Voices of Female Ex-Combatants. From Aceh, Burundi, Mindanao und Nepal, 2020, Berghof Foundation Berlin.

Risal, Susan, Conflict affected women. No end to their suffering yet, The Himalayan Times, 21.11.2018, https://thehimalayantimes.com/opinion/conflict-affected-women-no-end-to-their-sufferings-yet/ (22/11/2023),

Rohstein, Emily, Disarmament, Demobilization, and Reintegration in Nepal, 2020, via Research Gate (22/11/2023).

Singh, Dipendra Bahadur, written interview 22/11/2023

Upreti, Bishnu Raj and Bishnu Sapkota, Case Study on Nepal. Observations and Reflections on the Peace and Constitution-Making Process, 2017, Swisspeace.



ЗА МИР | PËR PAQE